КАРПОШ
неделен Е - БИЛТЕН



ОПШТИНА КАРПОШ НЕДЕЛЕН Е - БИЛТЕН
ИЗГОТВУВА: ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТ 4 - 13 март 2025 Билтен бр. 588

СТУДЕНТИТЕ ОД МЕЃУНАРОДНИОТ БАЛКАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ СО КРЕАТИВНИ ПРЕДЛОЗИ ЗА ОПЛЕМЕНУВАЊЕ НА ЈАВНИОТ ПРОСТОР

Согласно потпишаниот меморандум за соработка со Меѓународниот Балкански Универзитет (МБУ) во Скопје, делегација од Општина Карпош предводена од градоначалникот Стевчо Јакимовски и членовите на Советот, денеска го посети Факултетот за уметност и дизајн, кој функционира во рамки на оваа високообразовна институција.

По тој повод по краткото воведно обраќање на првиот човек на локалната самоуправа, студентите по сликарство и дигитална уметност го објаснија концептот, техниките и инспирацијата за делата кои ги изложија пред присутните. Имено, студентите од трета и четврта година во класата на Деканот проф. д-р Александра Ристовска, преку стручната презентација ги понудија своите креативни предлози со кои беа опфатени идејните решенија за уредување на парковите на територија на Општина Карпош. Според нивната замисла, јавниот простор би требало да биде збогатен со предмети и објекти во кои доминираат аморфните органски форми кои одлично би се вклопиле во природната околина. Во моментов станува збор само за почетна иницијатива, која понатаму би се развивала во соработка со нивните колеги од катедрата за архитектура.

Во таа насока, присутните развија и отворена дискусија со градоначалникот Јакимовски и со советниците од Карпош, за изнаоѓање на најсоодветни решенија кои ќе понудат повеќе можности за заемна соработка. Оттаму, делегацијата на Општина Карпош одржа работен состанок со Ректорот на МБУ, Љутви Сунал, каде се разговараше за повеќе опции кои треба да отворат простор за поддршка на студентските иницијативи.

СООПШТЕНИЕ

За жал, неодговорноста зема данок. И тоа данок кој директно го загрозува човечкото здравје. Во конкретниот случај потешко е повредено еден малолетник кој случајно поминувал во паркот између улицата Никола Русински и Карпошево Востание и врз него паднало дрво. За жал малолетникот има повреди на телото. Пренесен е во Ургентен центар. Иронијата да биде поголема, инцидентот се случува само на 5 метри од пунктот на ЈП „Паркови и зеленило“ кое е должно, согласно Законот за локална самоуправа, да го исече ова дотраено дрво. Одговорноста на „Паркови и зеленило“ е уште поголема зошто истото дрво било обележано и тоа подолго време за сечење, меѓутоа, како и во стотици други случаи јавното претпријатие и Градот Скопје остануваат глуви на барањата на Општина Карпош и на граѓаните. Општина Карпош бара Министерството за внатрешни работи да го документира овој немил настан, да се утврди одговорноста и за истата да се сносат правни последици.

Општина Карпош уште еднаш јавно предупредува дека вакви немили настани ќе ни се случат и во градинките како резултат на тоа што Владата не одобрува вработувања на негувателки, воспитувачки и технички персонал на сите оние кои веќе заминале во пензија.
Уште еднаш апелираме до надлежните државни институции дека си играат со здравјето на децата и не би било добро доколку се случи немил настан, па потоа да ги решаваме проблемите и да бараме одговорност. Здравјето и безбедноста на децата немаат цена.



КАНЦЕЛАРИЈАТА ЗА РОДИТЕЛСТВО ВО КАРПОШ ПРОДОЛЖУВА СО СВОИТЕ АКТИВНОСТИ

Канцеларијата за родителство која започна со работа во рамки на ООУ „Јан Амос Коменски“ на почетокот на септември минатата година, досега се покажа како успешен проект кој со 300.000 денари го поддржа Општина Карпош а го спроведе Експертскиот центар за родителство – „Алтернатива“. Станува збор за првата канцеларија од овој тип која е отворена во нашата држава, а истата е дел од проектот „Советувалиште за родители при Општина Карпош“, реализиран во состав на годишната Програма на локалната самоуправа за еднакви можности меѓу жените и мажите.

Во таа насока, Општина Карпош и оваа година со 150.000 денари ќе ја поддржи работата на оваа Канцеларија која ќе работи еднаш неделно (секоја среда) од 17 до 19 часот, и истата ќе биде достапна за родителите чиишто деца (од 6 до 10 годишна возраст) учат во основните училишта во Карпош. По тој повод денеска, градоначалникот Стевчо Јакимовски и претставниците од невладината организација „Алтернатива“ оствари работна посета на Канцеларијата за родителство.

– Ме радува што и оваа годинава исто така финансиски ќе ја поддржиме работата на Канцеларијата, заради големиот интерес на родителите. Општината од финансиски аспект дополнително ги поддржува и ангажираните наставници и стручни соработници, кои имаат улога да бидат клучната алка помеѓу родителите и експертскиот центар за родителство. Овие обучени фацилитатори ќе формираат свои групи на родители со кои преку групна работа ќе им даваат поддршка на родителите, а нивната работа ќе биде под супервизија на експертите од невладината „Алтернатива“. Согласно издвоените финансиски средства од страна на Општината, Канцеларијата за родителство ќе работи до крајот на 2025 година – истакна Јакимовски.

ВО КАРПОШ ЌЕ СЕ ОТВОРА СОБИРЕН ЦЕНТАР ЗА ОТПАДНИ ГУМИ

Секторот Инспекторат и градоначалникот на Општина Карпош, Стевчо Јакимовски, денеска склучија договор за деловна соработка и користење на опрема со Друштво за управување со отпадни гуми "Гуматек" ДОО Скопје, кој што е колективен постапувач – правно лице и поседува дозвола за постапување со гуми и отпадни гуми.

Во текот на наредните денови ќе биде поставен контејнер во собирен центар на отпадни гуми, кој што ќе биде лоциран во близина на Спортската сала "Борис Трајковски". Собирниот центар ќе биде видливо означен, и секој граѓанин ќе може да остави поголема количина на отпадни гуми во контејнерот како и службите на Општина Карпош со соодветна акција ќе ги одложуваат собраните отпадни гуми на таа локација а колективниот постапувач во рок од 5 работни дена од денот на прием на известувањето е должен да ги превземе отпадните гуми.

Во втора фаза ќе биде поставено собирно место, чија што локација дополнително ќе биде определена, каде што секој граѓанин кој што има мала количина на отпадни гуми, ќе може истите да ги закачи на соодветно поставена опрема, и колективниот постапувач ќе ги превземе откако опремата ќе се наполни или по барање на Сектор Инспекторат.

АПЕЛИРАМЕ до сите граѓани кои поседуваат отпадни гуми да ги одложат на соодветно поставените места без никаков надомест.

За сите дополнителни информации контактирајте не на 02-3055-901 – Богданка Милошевиќ Мучева, раководител на сектор и Гордана Максимовска – Општински инспектор за животна средина

БЕСПЛАТНИ ОБУКИ ЗА ДИГИТАЛНА ПИСМЕНОСТ НА ПОСТАРИТЕ КАРПОШАНИ

Започнувајќи од идниот вторник (18.03.2025), Општина Карпош во соработка со аутсорсинг компанијата Таск-ХРС им нуди на своите постари жители, можност да посетуваат бесплатна обука за дигитална писменост. Станува збор за иницијатива која се реализира преку годишната Програма на локалната самоуправа за еднакви можности меѓу жените и мажите, за која Општината од својот буџет одвои 600.000 денари.

Обуките ќе се одржуваат секој вторник со почеток во 18:00 часот во просториите на ООУ „Јан Амос Коменски“, а еден час ќе трае 90 минути по сесија. Предавањата се распоредени во вкупно 12 недели, а заинтересираните граѓани претходно треба да го најават своето присуство на телефонскиот број 071 376 080.

Во оваа пригода повозрасните карпошани можат да зачекорат во дигиталниот свет, стекнувајќи практични вештини за примена на паметните телефони, како и користење на услугите какви што се електронското банкарство, социјалните мрежи итн. Во рамки на обуката ќе се говори и за основите за користење на електронските уреди, безбедно пребарување на интернет мрежата, креирање и користење на електронската пошта, користење на државните дигитални услуги, онлајн купување, користење на популарните платформи Facebook, Instagram, апликациите Viber, WhatsAPP и слично.



ГРАДОНАЧАЛНИКОТ ЈАКИМОВСКИ И ЖИТЕЛИТЕ НА ЗЛОКУЌАНИ ЗАЕДНО ПРОТИВ НАМЕРАТА ЗА ПРЕФРЛАЊЕ НА ЦЕНТАРОТ ЗА ЗАВИСНИЦИ ВО БОЛНИЦАТА „БАРДОВЦИ“

Градоначалникот на општина Карпош Стевчо Јакимовски заедно со локалното население од Злокуќани ги повикаа владата и министерството за здравство да ја преиспитаат намерата да го префрлат центарот за зависници од Кисела Вода во болницата Бардовци.

Имам крајно непријатна потреба да се обратам до јавноста, затоа што се наоѓаме пред болницата за душевно болни „Бардовци“ што се наоѓа на територија на општина Карпош и уште понепријатно ми е што граѓаните мораат на ваков начин да го изразуваат револтот на ваков начин и јас како градоначалник. Нормално е кога треба луѓе да се лекуваат. Треба и ние да создадеме услови за лекување на секој еден. Оваа душевна болница е скоро 60 и кусур години на оваа локација. Граѓаните се веќе научени со проблемите што ги имаат со нејзе, со децении, и очигледно дека веќе немаме никаков проблем. Но, сега се јавува еден огромен проблем, затоа што министерството за здравство сака сите лица зависници од опојни дроги да ги донесе овде и лекувањето да биде во душевната болница. Ние немаме проблем да се врши лечење, но секој треба да се лечи во својата општина. Што значи тоа? Сите зависници од општина Карпош, треба да се лекуваат во Карпош, и сите што се во други општини да се лечат на други места. Јас го побарав министерот за здравство, му објаснив дека имаме сериозна реакција од граѓаните, во исто време и јас не се сложувам со ваквиот начин на решавање на проблемите. Објаснувањето беше дека имаат само два тима, изјави градоначалникот Јакимовски на прес конференција.

Јакимовски предупреди дека доколку се реализира планот на министерот за здравство директно ќе се загрози животот на жителите на Злокуќани, кои во моментот веќе трпат огромен терор од неколку семејства доселени од Косово кои се недопирливи за полицијата, обвинителството и судот.

ОПШТИНАТА ЌЕ ЗАПОЧНЕ ПОСТАПКА ЗА ЈАВНО ПРИВАТНО ПАРТНЕРСТВО ЗА ОСВЕТЛУВАЊЕТО ВО КАРПОШ

Советот на Општина Карпош денеска заседаваше во рамки на редовната шеесет и втора седница, каде советниците ги разгледуваа и полноправно одлучуваа по 35 точки која се најдоа на дневниот ред. На самиот почеток, службените лица од Полициската станица Карпош пред претставниците на Советот го презентираа Годишниот Извештај за работата на ЕВР „Карпош“ за 2024 година, по што советниците го усвоија Предлог – Заклучокот.

Со мнозинство гласови од советниците беше изгласана и Завршната сметка на Буџетот на Општина Карпош за 2024 година, која е изработена врз основа на Законот за буџетите и Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа. Во образложението на овој документ се наведува дека вкупните приходи на консолидираниот буџет се предвидени во износ од 1.455.639.000 денари и се релизирани вкупни расходи во износ од 1.348.768.875 денари. Во случајов приходите на општинскиот буџет се предвидени во износ од 707.331.000 денари, додека пак реализираните приходи вкупно изнесуваат 661.287.360 денари.

По конструктивната расправа, советниците ја поддржаа и Предлог – Одлуката за започнување на постапка за доделување на договор, за воспоставување на јавно приватно партнерство (ЈПП) за давање на услуги на јавно осветлување во општина Карпош. Во таа насока, се предвидува проценета вредност на Договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство за давање на услуги на јавно осветлување да изнесува 147.470.000 денари, а договорот би имал важност на траење од 10 години.
Со истата динамика беше усвоен и Локалниот еколошки акционен план (ЛЕАП-3) на Општина Карпош за период од 2025-та до 2030-та година. Овој Стратешки документ го изработија стручните лица од локалната самоуправа во соработка со претставници од МАНУ, невладината ЦеПроСАРД, Јавните претпријатија „Дрисла“ и Водовод – Скопје, како и Министерството за животна средина и просторно планирање. За поголема транспарентност на процесот, ЛЕАП-от ќе биде објавен на официјалната веб страница на Општина Карпош во претстојниот период.

По широката дебата која се разви меѓу членовите на Советот, мнозинството советници го поддржаа и Решението за изменување и дополнување на Годишниот план за вработување за 2025 година во локалната самоуправа. Потребното мнозинство од советниците го доби и Предлог – Решението за давање согласност на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во ООУ „Христијан Тодоровски-Карпош“. Изгласани беа и Предлог – Решенијата за имена на годишните планови за вработување за 2025 година на основните училишта „Војдан Чернодрински“ и „Вера Цировири Трена“. Советниците дадоа поддршка и за Одлуката за формирање на Комисија за прием на деца над капацитет и утврдување на критериумите за прием на деца над капацитет, во детските градинки на територија на Карпош.

Советот даде „зелено светло“ и за донесување на Детален урбанистички план за Градска четврт 3 08, (бул. Илинден, ул. Франклин Рузвелт, бул. Партизански Одреди и бул. 8 ми Септември) Општина Карпош. Просторот за кој се донесува овој ДУП е дефиниран помеѓу: (на Север): по осовината на Бул.„Илинден”, (на Исток): по осовината на ул. „Франклин Рузвелт“, (на Југ): по осовината на Бул. „Партизански одреди) и (на Запад): по осовината на Бул. „8-ми Септември”. Оттука, Советот го изгласа и Предлог – Заклучокот со кој се задолжува Секторот за урбанизам од Општина Карпош во врска со стручниот елаборат за суспензија на делови од Деталниот урбанистички план за Градска четврт 3 08, (бул. Илинден, ул. Франклин Рузвелт, бул. Партизански Одреди и бул. 8 ми Септември). Во конкретниов случај, Секторот за урбанизам од Општина Карпош, НЕМА да издава акти за градежните парцели 1.48, 1.49, 1.53, 2.1 и 1.39 од ДУП-от за Градска четврт 3 08.

Поддршака доби и Предлог – Одлуката за утврдување на Нацрт–Измена и дополна на Детален урбанистички план за градска четврт ЦС 15, Блок 02, Општина Карпош. Предметниот опфат се наоѓа на североисточната страна од Општина Карпош, поточно на северната страна од градската четврт ЦС 15. Блокот 02 е дефиниран со важечкиот ДУП за градска четврт ЦС 15 – Криви Дол, (општина Карпош) за плански период 2013-2018 година. Планскиот опфат кој е предмет на уредување со овој Детален урбанистички план, зафаќа површина од 2,49 ха и неговата местоположба е дефинирана во рамките на следните граници: (од Североисток): од пресек на оска на планирана градска магистрала Булевар 8-ми Септември со оска на регулирано корито на река Серава, кон југозапад по оска на планирана градска магистрала Булевар 8-ми Септември, до пресек со оска на сервисна улица 1699, (кон Југоисток): по оска на сервисна улица 1699, до пресек со оска на планирана индустриска улица „Драган Спиркоски Максо“, (кон Исток): по оска на индустриска улица „Драган Спиркоски Максо“, до пресек со оска на регулирано корито на река Серава и (кон Северозапад): по оска на регулирано корито на река Серава, до пресек со оска на планирана градска магистрала Булевар 8-ми Септември (почетна точка).

Во рамки на денешната седница беше изгласана и Одлуката за донесување на Урбанистички проект со План за парцелација за формирање на нови градежни парцели од ГП 05.01 од ДУП за населбата Злокуќани, со опфат „А” со намена В2 – здравство. Со овој план за парцелација се поделува постоечката градежна парцела со почитување на параметрите зададени во Изводот, потребата на инвеститорот и согласно член 63 став (1) и став (2) од Законот за урбанистичко планирање.

УНИВЕРЗИТЕТ
СКОПЈЕ

УНИВЕРЗИТЕТ
СКОПЈЕ